**2026047779**

## АД МЕПСО

Врз основа на член 135 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), а во согласност со член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО – Скопје („Службен весник на РСМ“ бр.206/18), Управниот одбор АД МЕПСО - Скопје на 65-та седница, одржана на ден 12.2.2026 година, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија со Одлука бр.12-75/3 од 2.2.2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА АД МЕПСО – СКОПЈЕ

## 1. Предмет и цел на Програмата

Предмет на Програмата за усогласеност (во понатамошниот текст: Програма), е утврдување на мерки  и активности со кои се обезбедуваат услови за исклучување на можноста за дискриминаторно однесување од страна на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО-Скопје) кон корисниците на електропреносниот систем (во понатамошниот текст: ЕПС) по било кој основ, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на Програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на АД МЕПСО - Скопје и други обврски утврдени со Законот за енергетика и оваа Програма.

Имајќи го во предвид значењето и важноста на ЕПС за Република Северна Македонија дефинирана како критична енергетска инфраструктура која во секое време треба да обезбеди доверлив и сигурен пренос на електрична енергија кон корисниците на ЕПС, особено е важно, да спроведува целосна примена на прописите и стандардите од областа на енергетскиот сектор, што е уредено со Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), правила, уредби, правилници и други подзаконски акти.

Сепак заради обезбедување и заштита на интегритетот на АД МЕПСО – Скопје како акционерско друштво (АД) во државна сопственост формирано согласно Законот за трговски друштва (ЗТД) произлегуваат и други обврски, така што работењето на друштвото покрај носечките закони (ЗЕ и ЗТД) треба да се усогласува и со други закони особено со: Законот за работни односи, Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, Законот за заштита на укажувачите, Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Закон за лобирање, Законот за заштита на конкуренцијата, Законот за заштита и спречување од дискриминација и Закон за заштита на личните податоци, преку кои се обезбедува заштита на интегритетот на АД МЕПСО – Скопје.

Во таа насока усогласеноста, е важна алка во синџирот на управување со АД МЕПСО – Скопје и претставува воспоставување на целосен систем на политики, правила и процедури со кои АД МЕПСО – Скопје се обезбедува дека работи во рамки на законите, прописите и професионалните стандарди,  но  усогласеноста сама по себе не е доволна ако не е поткрепена со етичка култура.

Воедно е важно да се нагласи дека една од поважните улоги е управувањето со ризици во работењето, особено за идентификација и намалување на ризиците од потенцијалните закани како што се: корупција, судири на интереси, непочитување на човекови права и финансиски злоупотреби со цел да се реагира пред тие ризици да предизвикаат штета. Во таа насока добро дизајнираната политика за усогласеност не е само заштита од казни или санкции, туку и можност да се изгради култура на одговорност и транспарентност.

Според соодветните стандарди од оваа област е дефинирано дека: прва линија на одбрана на интегритетот на системот за усогласеност е НО и УО на АД МЕПСО – Скопје, додека Compliance функцијата (службеникот за усогласеност) е втора линија на одбрана, а трета линија на одбрана е внатрешната, надворешната ревизија, контролните и регулаторните тела.

Во функција на зајакнување на овие таканаречени линии на одбрана на интегритетот на системот за усогласеност кој се воспоставува и обезбедува преку воведување на стандарди.

Во тој контекст најзначајни стандарди кои се применуваат се следниве: ISO 37301:2021, (Compliance management systems), кој предвидува барања и дава упатства за воспоставување, спроведување, евалуација, одржување и унапредување на систем за управување со усогласеност, ISO 37302, (Compliance management systems), кој обезбедува рамка со показатели и насоки за тоа како да се процени колку е ефективен системот за управување со усогласеност со прописите (compliance). ISO 37303:2025, (Compliance management systems), кој дава упатства за одредување и развивање на компетенции (знаења, вештини, искуство) потребни за ефикасен системот за управување со усогласеност со прописите (compliance), и ISO 37001, (Anti-bribery management systems), кој се занимава со спречување и управување со ризик од поткуп и мито.

Основна цел на Програмата е да воспостави формална рамка која ќе обезбеди сите активности кои ги спроведува АД МЕПСО – Скопје како и однесувањето на сите вработени или лица ангажирани од страна на АД МЕПСО – Скопје да бидат во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, независност и објективност.

Имено целта на Програмата е да се воспостави систем за управување со усогласеноста со позитивното законодавство на Република Северна Македонија во делот на транспарентноста и недискриминација кон сите корисници на ЕПС која е насочена кон континуирано подобрување врз основа на проценка на ризик, внатрешна контрола и ревизии.

Во системот за управување со усогласеност на енергетските компании, проценката на ризик и безбедноста на енергетската инфраструктура се вклучени во секоја фаза и се основа за донесување менаџерски одлуки од аспект на равој, инвестиции, примена на технологии, модернизација и ИТ системи, сајбер безбедност и организациски промени. Контролата и следењето на усогласеноста со регулаторните безбедносни барања е вклучено во фазата на „контролни механизми“ и е клучен елемент на системот за управување со усогласеноста.

Современите механизми за спроведување на управувањето со усогласеноста во енергетските компании вклучуваат модели за следење на усогласеноста и контрола на безбедноста на работата на енергетската инфраструктура. Развиени се модели за проценка со кои се обезбедуваат информации за актуелните технички услови во реално време со индикатори за оперативната состојба на енергетската инфраструктура, што овозможува постојано следење на техничката состојба на опремата, што пак обезбедува ефикасно управување со системите кон што е насочено и АД МЕПСО - Скопје.

Имајќи го во предвид претходно кажаното, како и целосната усогласеност на домашната законска регулатива во енергетскиот сектор со ЕУ регулативата, а согласно

член 135 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), многу прецизно е утврдена потребата и начинот на донесување на Програмата за усогласеност, како и нејзината содржина особено во делот на независноста, непристрасноста, одговорноста и транспарентноста во работењето со висок степен на етика, како и мерките кои треба да се преземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на ЕПС, обврските на вработените во реализацијата на Програмата и начинот за следење на усогласеноста на работењето на АД МЕПСО – Скопје.

Исто така Програмата е во функција на остварување на целите од усвоената Политика на интегритет бр.02-2893/2-1 од 2024 година со која се бара нулта толернација во однос на корупцијата, преку која АД МЕПСО – Скопје е потребно да воспостави систем за заштита од мито, корупција и оневозможување на дискриминација на корисниците на базирајќи се врз принципите на: Еднаквост, Транспарентност и Партнерство.

Сепак фокусот на оваа Програма е да обезбеди транспарентно и објективно постапување на АД МЕПСО-Скопје кон корисниците на електропреносниот систем, целосно почитување на законската регулатива и стандарди, воспоставување и одржување етичка култура и интегритет во работењето, превенција и управување со ризици поврзани со корупција, судир на интереси, злоупотреба на ресурси и други прекршувања, како и заштита на репутацијата на АД МЕПСО - Скопје и довербата кон клиентите, вработените, партнерите и корисниците на електропреносниот систем.

## 2. Основни информации за АД МЕПСО – Скопје

### 2.1. Правна форма, дејност и сопственичка структура на АД МЕПСО – Скопје

АД МЕПСО – Скопје е друштво коешто врши дејност пренос на електрична енергија, управува со електропреносниот систем во Република Македонија и кое има обврска за обезбедување на јавна услуга, кое не врши други енергетски дејности и е целосно независно од вршењето на други енергетски дејности во согласност со Законот за енергетика. Основна цел и работни задачи на АД МЕПСО – Скопје е да обезбеди непречен пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, односно сигурност во снабдувањето со електрична енергија.

Историски гледано со донесување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија од 2004 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/04) во Република Македонија се создадоа услови за преструктурирање на дотогаш вертикално интегрираното претпријатие за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија АД „Електростопанство на Македонија“ во три новоосновани претпријатија: АД МЕПСО - Скопје (претпријатие за пренос и организирање на пазарот на електрична енергија), АД ЕЛЕМ - Скопје (претпријатие за производство на електрична енергија) и АД ЕСМ (претпријатие за дистрибуција и снабдување со електрична енергија). Со функционалното разделување на овие дејности се направи првиот чекор кон процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија.

АД МЕПСО – Скопје е основано со Одлука на Владата на Република Македонија од 2004 година, и е регистрирано во Трговскиот регистар на надлежниот суд во Скопје на 31.12.2004 година.

АД МЕПСО – Скопје е сопственик на електропреносната мрежа што се состои од трафостаници, линиски инфраструктурни објекти - далекуводи, постројки, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем.

АД МЕПСО – Скопје од 14.11.2005 година, е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија со евидентен број ЕЕ - 01.02.1/05/2/17, која е со рок на важност до 14.11.2040 година.

АД МЕПСО – Скопје е членка на Европската мрежа на оператори за пренос на електрична енергија (во понатамошниот текст: ЕНТСО-Е) од нејзиното основање во 2009 година. Во ЕНТСО-Е членуваат 43 преносни систем оператори од 36 земји во Европа. ЕНТСО-Е е основано согласно Третиот пакет на законодавство за внатрешен пазар на енергија на Европската унија (во понатамошниот текст: Трет пакет). Главна цел на ЕНТСО-Е е да одговори на предизвиците на промените на електроенергетскиот систем истовремено обезбедувајќи сигурност во снабдувањето.

Во изминатиот период за да се исполнат одредбите од Законот за енергетика* кои се однесуваат на сопственичко раздвојување на вршителите на енергетски дејности, се спроведе постапка за пренос на сопственоста на акциите од Владата на Република Македонија согласно член 237 од Законот за енергетика*. Владата на Република Македонија на 24.7.2018 година донесе Одлука за пренос на акции од сопственост на Владата на Република Македонија во сопственост на Министерството за транспорт и врски бр.44-6841/1 од 24.7.2018 година, согласно која се изврши сопственичко раздвојување на АД МЕПСО – Скопје како оператор на електропреносниот систем на Република Македонија.

Во тој контекст со цел да продолжи континуитетот за исполнување на обврските во однос на сопственичкото раздвојување и независност на вршителите на енергетски дејности согласно Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), се спроведе постапка за пренос на сопственоста на акциите од Владата на Република Северна Македонија. Така што, согласно член 308 од Законот за енергетика* Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за пренос на акциите бр.50-6306/18 од 24.7.2025 година со која акциите од сопственост на Министерството за транспорт се пренесоа во сопственост на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во понатамошниот текст: МЕРМС), со што се обезбеди континуитет на исполнување на обврската за независност во управувањето од страна на АД МЕПСО – Скопје како оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија.

Акциите на АД МЕПСО – Скопје се во сопственост на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и истите се запишани во Централен депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија на ден 24.8.2025 година.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, како единствен акционер во Собранието на акционери на АД МЕПСО – Скопје не смее да бара ниту да прифаќа упатства или насоки од Владата на Република Северна Македонија или друг државен орган. Со Собранието на акционери претседава министерот за енергетика, рударство и минерални суровини или лице кое тој ќе го овласти/ополномошти.

Во оваа Програма согласно член 115 став (2) од Законот за енергетика* посебно се нагласува дека во случај кога операторот на пазарот на електрична енергија е во сопственост на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија ја обезбедува својата функционална независност од операторот на електропреносниот систем во поглед на правната форма, организацијата и одлучувањето.

## 2.2. Управувачка и организациска структура на АД МЕПСО – Скопје

Управувањето со АД МЕПСО – Скопје е организирано во двостепен систем со Надзорен одбор и Управен одбор. Надзорниот одбор врз основа на Законот за трговски

друштва и Статутот на друштвото, врши контрола и надзор над работата на Управниот одбор, кој врз основа на Статутот има најшироки овластувања за одлучување и управување со АД МЕПСО – Скопје. Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието на акционери на АД МЕПСО – Скопје, додека членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор.

Управниот одбор е составен од претседател на Управниот одбор кој воедно е и генерален директор, заменик на генералниот директор, како и директори на секторите и подружниците во состав на АД МЕПСО – Скопје:

- сектор за правни и општи работи,
- сектор за финансиски работи,
- сектор за информациони технологии и телекомуникации,
- подружница оператор на пренос на мрежа и
- подружница оператор на електропреносен систем.

Согласно Законот за енергетика АД МЕПСО - Скопје како носител на лиценца за пренос на електрична енергија не може да има лиценци и да биде вклучено во вршење на дејностите производство, дистрибуција, трговија и снабдување со електрична енергија, како и не може да има лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија. Имајќи го ова во предвид АД МЕПСО – Скопје основа и е сопственик на друштво Македонски оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, запишано во Централниот регистар на Република Македонија на 8 октомври 2018 година.

## 3. Начин на исполнување на обврските од Програмата

### 3.1. Независност на Управен одбор и Надзорен одбор на АД МЕПСО – Скопје

Еден од најважните сегменти со кој се обезбедува сопственичкото раздвојување е обезбедување на независност во работењето на Управниот и Надзорниот одбор на АД МЕПСО кое произлегува пред сé од структурната поставеност и сопственичкото раздвојување во однос на претходниот вертикално интегриран електроенергетски систем. Во таа насока, а со цел да се обезбеди независност на операторот на електропреносниот систем, исто лице или лица немаат право во исто време:

1. директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во операторот на електропреносниот систем;
2. директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија;
3. да именуваат членови на орган на надзор и на орган на управување на операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија и
4. да биде член на орган на надзор, на орган на управување или на некое од телата кои законски го застапуваат операторот на електропреносниот систем и во исто време да биде член на соодветен орган или тело во друштво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија.

Горенаведените ограничувања особено се однесуваат на користење на право на глас, избор и именување на членови на Управен одбор и Надзорен одбор на АД МЕПСО – Скопје или поседување на мнозински удел.

Исто така, МЕРМС е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на друштвото, а со цел да се обезбеди независност во работењето на друштвото членовите на Управен и Надзорен одбор на АД МЕПСО – Скопје:

- се самостојни во постапка за донесување на одлуки согласно закон и

- не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва кои вршат производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија или друштва кои имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

Како друштво што врши дејност производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија:

1. се смета и друштво што врши некоја од дејностите производство, складирање, снабдување или трговија со гас;

2. не се смета потрошувач кој директно или индиректно учествува во управувањето во друштва кои вршат некоја од дејностите производство, складирање и/или снабдување со електрична енергија, ако:

- на просечно годишно ниво е нето-потрошувач на електрична енергија земајќи го предвид неговото учество во произведената електричната енергија од друштвата во кои учествува во управувањето и

- вредноста на електричната енергија што ја продава на трети лица е незначителна во однос на другите негови деловни активности.

Врз основа на претходно кажаното во Програмата и согласно Законот за енергетика се смета дека е поставена добра основа со која се обезбедува сопственичкото раздвојување и целосна независност во работењето на Управниот и Надзорниот одбор на АД МЕПСО – Скопје.

## 3.2. Овозможување на транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисници на електропреносниот систем од страна на АД МЕПСО – Скопје

АД МЕПСО – Скопје е должен во рамки на своето работење да постапува во согласност со Законот за енергетика, на начин што ќе обезбеди транспарентен, објективен и недискриминаторен пристап кон сите корисници на електропреносниот систем, притоа не создавајќи повластена позиција на одредени корисници на електропреносниот систем за сметка на останатите корисници.

АД МЕПСО – Скопје обезбедува еднаков третман на корисниците на ЕПС при спроведување на следните активности/процеси:

1) да ги приклучи на електропреносната мрежа производителите, операторите на складишта и потрошувачите на електрична енергија, како и електродистрибутивните системи вклучувајќи ги и затворените електродистрибутивни системи во Република Северна Македонија,

2) да ги објави на својата веб страница или на друг начин да им ги обезбеди сите информации потребни за пристап, како и тарифите за пренос на електрична енергија и да им обезбеди пристап на електропреносниот систем на сите корисници;

3) планирање и развој на електропреносната мрежа преку изградба на нови и надградба на постојните интерконективни водови со соседните држави, водејќи сметка за ефикасно

искористување на постојните интерконективни капацитети и рамнотежата помеѓу инвестициските трошоци и придобивките за потрошувачите,

4) објавување на податоци и навремено обезбедување на информации за времето и начинот на доделување на прекугранични преносни капацитети на интерконективните далекуводи по пазарни услови, на транспарентен и недискриминаторен начин,

5) набавување на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа и електрична енергија за сопствени потреби со цел да се обезбеди сигурно и доверливо функционирање на ЕПС, по пазарни услови, на транспарентен и недискриминаторен начин,

6) набавување на системски услуги за балансирање на електропреносниот систем и обезбедување на балансирање на електроенергетскиот систем и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање како и обезбедување на пресметување, фактурирање и наплата на услугите за балансирање,

7) обезбедување на инсталирање и одржување на мерни уреди за мерење на електрична енергија на сите мерни места во точките на прием и испорака на електропреносниот систем и доставување на податоци од мерењата до корисниците на системот,

8) обезбедување на пристап на корисниците на ЕПС до мерните уреди што се во сопственост на АД МЕПСО-Скопје,

9) да обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на електропреносниот систем, и

10) други активности и процеси, во насока на обезбедување на транспарентен, објективен и недискриминаторен пристап кон сите корисници на ЕПС, притоа не создавајќи повластена позиција на одредени корисници на ЕПС за сметка на останатите корисници на ЕПС.

## 3.3. Мерки кои АД МЕПСО-Скопје ги применува за остварување на транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисници на електропреносниот систем

Со цел да обезбеди транспарентност, објективност и спречување на дискриминаторно однесување во исполнувањето на обврската за обезбедување на јавна услуга, АД МЕПСО – Скопје во функција на оператор на електропреносниот систем на територијата на Република Северна Македонија презема мерки за отстранување на секаков вид на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем и тоа:

1) овозможува право на пристап, приклучување и користење на електропреносната мрежа согласно мрежните правила за пренос на електрична енергија,

При исполнување на оваа обврска АД МЕПСО дава административна поддршка и остварува соработка со МЕРМС во однос на постапката за приклучување на барателот (корисникот) на електропреносната мрежа преку службата за приклучоци во рамки на одделот за развој и инвестиции.

2) овозможува еднаков третман на сите корисници на електропреносниот систем, односно при спроведување на постапки кои се однесуваат на набавка на електрична енергија за загуби, за сопствени потреби и балансирање на системот ниту еден корисник нема да биде во повластена положба за сметка на друг корисник,

3) да ги образложи и прецизно наведе причините поради кои е направено одбивање на барањето за пристап на електропреносната мрежа,

4) да гарантира право на приговор по одлуките на операторот на АД МЕПСО – Скопје кој се доставува до Регулаторната комисија за енергетика,

5) да обезбеди јасни, прецизни, со образложение и во рок донесени одлуки за доделување право на користење на електропреносниот систем донесени од страна на АД МЕПСО – Скопје.

Овие активности се спроведуваат согласно Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, Правилата за набавка на електрична енергија за сопствени потреби, Правилата за пазар на балансна енергија, Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Правилата за регистрација за учество на пазарот на електрична енергеија и уредување на пазарот на билатерални договори и Правилата за доделување на расположливите прекугранични преносни капацитети (посебни за секоја граница), усвоени од Управниот одбор на АД МЕПСО – Скопје.

6) да гарантира доверливост на деловните податоци и информации и оневозможи злоупотреба на деловните тајни и информации кои што се добиени при вршење на дејноста пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем заради стекнување на деловна корист и да оневозможи преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица во согласност со Законот за пристап на информации од јавен карактер, Правилникот за деловна тајна на АД МЕПСО – Скопје, Правилникот за начинот за користење и објавување на податоци и информации во работењето на АД МЕПСО – Скопје.

Спроведувањето на овие активности, во АД МЕПСО - Скопје ги врши службено лице за посредување со информации од јавен карактер.

## 4. Начин на реализација и следење на Програмата

### 4.1. Службеник за усогласеност

Реализацијата на оваа Програмата ја следи службеник за усогласеност во согласност со Законот за енергетика и Статутот на АД МЕПСО - Скопје.

За време на својот мандат, службеникот за усогласеност не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор или со нивните содружници или акционери.

Постапката за именување и разрешување, мандатот, делокругот на работа, работни обврски и овластувања, правата и обврските во однос на едукација и обука на вработените, забрана за вршење на друга професионална дејност, слободен пристап на информации на службеникот за усогласеност на АД МЕПСО – Скопје е пропишана со Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на службеникот за усогласеност.

### 4.2. Области во кои се следи усогласеноста

Имајќи ја во предвид специфичната улога и одговорноста за спроведување на Програмата, Службеникот за усогласеност ја следи реализацијата на Програмата, од аспект на:

- независност, транспарентност, објективност и непристрасност во работењето на АД МЕПСО - Скопје,
- оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем по било кој основ,
- доверливост на деловните податоци на корисниците на електропреносниот систем,

- мапирање и проценка на ризици по интегритет и корупција,
- управување и намалување на ризици од корупција,
- координација и соработка на АД МЕПСО – Скопје со други оператори на електроелектроенергетски системи, размена на податоци со операторите на други електропреносни системи и учество во работата на регионални и меѓународни организации,
- едукација и информирање на Управниот одбор на АД МЕПСО – Скопје и Надзорниот одбор на АД МЕПСО - Скопје и вработените на АД МЕПСО – Скопје во врска со постапување во согласност со начелата за независност, танспарентност и непристраност.

Воедно службеникот за усогласеност ги следи активностите на Операторот на електропреносниот систем во однос на соработката која треба да биде на недискриминаторна основа со секое лице кое поседува, развива или управува со складиште на енергија и врши нивно поврзување на мрежата.

Со посебен осврт на увид на активностите на операторот на електропреносниот систем во однос на тоа што според член 131 став (2) од Законот за енергетика*, нема право да поседува, развива, користи или управува со складиште на енергија. Единствено со одлука на Регулаторната комисија за енергетика може да му се одобри на операторот на електропреносниот систем да поседува, развива, користи или управува со складиште на енергија единствено ако се исполнети условите од член 131 став (3) од Законот за енергетика*.

### 4.3. Услови за следење на усогласеноста

Во насока на обезбедување на услови за следење на реализаицијата на Програмата, АД МЕПСО – Скопје е должен на службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање, да му овозможи пристап до сите простори и простории во кои ја врши својата дејност. Службеникот за усогласеност е должен да постапува согласно одредбите од Законот за енергетика, оваа Програма, Статутот на АД МЕПСО – Скопје и Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на службеникот за усогласеност, согласно кои:
- го следи спроведувањето на Програмата и изработува годишен извештај за преземените мерки за нејзиното спроведување кој го доставува до Регулаторната комисија за енергетика,
- доставува извештаи до Надзорниот одбор на АД МЕПСО - Скопје и дава препораки во однос на Програмата и нејзината реализација,
- ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведувањето на Програмата во писмена форма.

## 5. Мерки против корумтивно однесување

Мерки кои е потребно да се преземаат врз основа на Програмата со цел да се спречи коруптивно однесување, а се базирани на оваа Програма во согасност со Политиката на интегритет се следниве:
• Јасни правила за утврдување и санкционирање на недозволено однесување, конфликт на интереси, подароци, лобирање и злоупотреба на службена положба,
• Прецизни стандарди и кодекс на однесување за вработени и раководство.
• Задолжителна обврска за едукација на вработените,

• Идентификација на процеси со висок ризик: јавни набавки, човечки ресурси, финансии, инспекциски надзор и слично,

• Мапирање слабости и бариери во процеси на работа,

• Изработка и ажурирање на регистар на ризици (стратешки, оперативни и compliance ризици) согласно Методологијата за управување со ризици кај јавните субјекти, коишто се дефинирани на следниот начин:

• стратешки ризици, кои претставуваат несакани настани што можат да имаат негативно влијание врз остварувањето на долгорочните и среднорочните цели, на стратешките приоритети на АД МЕПСО,

• оперативни ризици, кои претставуваат несакани настани кои може да имаат негативно влијание врз спроведувањето на функциите, активностите и процесите во АД МЕПСО врз нивото на квалитет и доверливос на јавната услуга (пренос на електрична енергија), така што кумулативните ефекти на оперативните ризици бидат закана на некои стратешки цели, и на овој начин оперативните ризици исто така можат да предизвикаат стратешки ризици, како и

• compliance ризици, кои се однесуваат на: правни ризици (непочитување на закони и прописи, неусогласеност со регулативи за енергетика, јавни набавки, безбедност, работни односи, Непочитување интерни процедури и слично), регулаторни ризици (неусогласеност со регулаторни барања, извештаи, податоци во однос на РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА), антикорупциски ризици (воспоставување на коруптивни практики, судир на интереси, недозволени подароци, провизии или влијание, недостаток на транспарентност во набавки и слично), финансиски ризици (неправилно водење сметки, непријавени финансиски трансакции, неусогласеност со даночни обврски, неправилна примена на сметководствени стандарди и слично), сајбер и data privacy ризици (непочитување на Правилата за сајбер безбедност, неавторизиран пристап, протекување доверливи информации, немање евиденција за обработка на лични податоци, необучен кадар и слилно), етички ризици (дискриминација, мобинг, непочитување на кодекс на однесување и слично).

Последиците од Compliance ризици може да бидат многу големи како што се: високи казни од регулатори, судски постапки, раскинати договори, губење лиценци, репутациски штети, прекин во работење, губење на довербата кон партнерите, губење на интегритетот и доверливоста и слично. Во таа насока согласно Програмата се ЗАБРАНУВА секаков вид на коруптивно однесување во рамки на АД МЕПСО - Скопје, односно, АД МЕПСО - Скопје ќе презема мерки за спречување на секаков вид на коруптивно однесување. Коруптивно однесување на вработен, член на Управен одбор, Надзорен одбор или службеник за усогласеност опфаќа:

- директно или индиректно побарување или примање подарок или друга корист или примање ветување за подарок или друга користа за себе или за друг, за да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што морало да се изврши,

- давање, ветување или нудење подарок или друга корист за себе или за друг за да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши или лице што посредува при овие дејствија,

- немање на право да учествуваат во подготовка на анализи, студии, проекти и слични документи за и во име на постојни и потенцијални корисници на ЕПС,

- немање на право на давање на усно или писмено задолжение или обврска од лица со повисока хиерархиска поставеност кон стручни или други лица за спроведување на дејствија кои не се во согласност со позитивните законски прописи, интерни акти и други прописи,

- обезбедување на дискреција и заштита на вработените согласно законот за укажувачи, и

- други мерки кои се предвидени во Годишниот план за борба против корупција и Политиката на интегритет на АД МЕПСО.

Секој вработен во АД МЕПСО - Скопје, член на Управен одбор, Надзорен одбор како и службеникот за усогласеност е должен, доколку дојде до сознанија или на било каков друг начин воочи ваков тип на однесување, истото да го пријави како коруптивно однесување до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) или до друг орган чија законска обврска е да постапува во однос на спречување на корупцијата.

## 6. Завршни одредби

Оваа Програма ќе се објави на огласните табли на АД МЕПСО – Скопје и на веб-страницата на АД МЕПСО – Скопје.

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува со денот на одобрувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

| | |
|---|---|
| УО бр. 02-991/3-1 | Управен одбор |
| 12 февруари 2026 година | Претседател, |
| Скопје | доц. д-р **Бурим Љатифи,** с.р. |